# Светски ден на водата

# 22 Март 2023

**„Чиста вода за Делчево- спортуваме и донираме“** е слоганот под кој на 22 Март 2023 (Среда) ќе се одбележи Светскиот ден на водата.

Оваа година за првпат покрај другите содржини е предвидено да се организира и „спонзор трка“, односно трка во која натпреварувачите трчаат и за секој поминат километар добиваат надомест (награда) која потоа ќе биде донирана за децата со посебни потреби. Бизнис секторот веќе се вклучи во донирањето но можноста за донирање ќе биде отворена и во текот на самиот настан,

Дојдете, бидете дел од настанот и доколку сте во можност донирајте.

Секоја Ваша поддршка е добредојдена.

***Ајде да го одбележиме Светскиот ден на водата и преку игра и спорт со поттикнување на младите да бидат спремни со својот труд да помогнат некому, да им помогнеме на оние на кои им е најпотребно!***

Настанот ќе се одржи на **сцената пред Општина Делчево во 11:30** часот.

Донациите ќе бидат јавно објавени (доколку е одобрено од страна на донаторите.) .

Швајцарскиот консултант на Проектот (ЕБП), покрај обезбедување на наградите за децата вкучени во настанот, за спонзор трката ќе донира двојно од средствата собрани во Делчево.

Проект за подобрување на водоснабдувањето во Делчево, Општина Делчево и ЈКП Брегалница Делчево (во соработка со Црвен Крст и образовните институции од Делчево)